# UTOPIA
# GOOD PLACE
# NO PLACE



# UTOPIA
# GOOD PLACE
# NO PLACE

Министерството за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

НУ Национална галерија на Македонија
NI National Gallery od Macedonia

Мултимедијален центар Мала станица, Скопје
Multimedia center Mala Stanica, Skopje

>BAUM<
international artcollective

## ЗА УТОПИЈАТА И УМЕТНОСТА

Ана Франговска

Во денешниот современ, неолиберален и квазидемократски свет, исполнет со голем број лаги и манипулации од секаква провениенција, се чини како да подзаборавивме да идеализираме, да се надеваме на подобро оштество, на подобар систем, на поубав град, на понормален живот, на вистински вредности, на подобро утре. Се надеваш, но не фантазираш, не одиш предалеку, знаеш до каде сé може да се оди во реалноста, знаеш кои се границите и на тоа и останувааш, тука мечтата завршува. Филозофијата за утопијата и утопистичкото општество започнува уште од Платоновата „Република", а терминот „утопија" како кованица прв го употребува Томас Мор во својата книга „Утопија", во раниот XVI век, спој од грчките зборови Eutopia (добро место) и Outopia (непостојно место). Неговата цел била со оваа книга да го иронизира класичното поимање на идеалното и измислено општество.

Во уметноста, пак, утопијата отсекогаш била доста актуелна како тематика, а во последно време е одново во средината на интересите на уметниците како контроверзна тема што се движи помеѓу презентирање на идеалното општество или критика на рецентните кошмари во кои егзистираме. Без оглед дали станува збор за импулс, критичко преиспитување на концептот или за претпазливо и смело артикулирање во одредена визија - утопијата продолжува да е важна. Уметноста на некој начин го објективизира социјалниот свет и создава утописки простор во кој истиот тој свет станува тоа што не е. На тој начин уметноста станува дел од социјалниот живот виден во идеализирана форма, овозможувајќи критички поглед, но останувајќи немоќна да ги транформира правилата на светот во кој функционира.

Со вакви и слични прашања во контекст на допирање и можеби и надминување на стереотипите за идеалните општества во невидени и неистражени региони и визии на неоткриеното, создавајќи имагинарен модел што го дестилира дневниот сон, разрешува комплексни сложувалки, пронаоѓа изгубени рајови итн., се занимава и изложбата **„Утопија = добро место или неместо"**. Станува збор за соработнички проект на меѓународната уметничка група **„БАУМ"**, во која учествуваат 6 автори од различни земји и тоа Фелипе Кастебланко - САД/Велика Британија, Шанет По - Германија/Полска, Маурин Бахаус - Холандија, Алесандро Фонте - Италија, Јетон Мuја - Косово, Нино Ломаѕе - Грузија (кои се занимааваат главно со социјални и со хуманистички прашања во уметноста) и македонските автори Игор Сековски и Ѓорѓе Јовановиќ. Оваа изложба ги допира и двата краја во разгледувањето на утопистичкиот пристап, од создавање визии за едно идеализирано непостојно општество, во кое сите луѓе заедно и колективно моделираат пример за обединетост и единство (Фелипе Кастелбланко), па сè до критика на актуелниот систем, кој на утописки начин ја разјадува основата врз која се темелат актуелните вредности (Игор Сековски, Ѓорѓе Јовановиќ).

**Алесандро Фонте** и **Шанет По** се претставени со два проекта. **„Масата за играње"** е просторна инсталација во која има поставено маса-клацкалка. Со цел да функционира уредот, потребни се двајца луѓе. „Успешното" користење е сепак врзано за губење. Состојба на рамнотежа меѓу двете страни е можна само ако двајцата се откажат од удобноста/употребата на масата, на соодветен начин. Фонте и По ја третираат утопијата на непрекинатата борба за рамнотежа, која постои уште од почетоците на човековата историја. Според Маркс и Енгелс, оваа борба доведува до револуционерна преобразба и до пропаст на двете страни што се вклучени. За едниот да успее, потребно е да поткелкне и вториот, со што еквилибриумот се чини невозможен. Второто нивно дело е **„Рингишпилот на пристапноста"**, т.е. видеоинсталација што личи на секуларен ритуал. Осум препарирани грабливки од областа Мадона се изложени пред олтарот - како пиедестал во рамките на музејскиот простор. Околу жртвеникот, формирајќи ги темињата на речиси незабележлив октагон, стојат 8 индивидуи, и тие исто така од регионот на Мадона, загледани постојано во стаклените очи на птиците. Еден од нив држи јајце од мраз во рацете онолку долго колку што за него ладното е подносливо, а потоа го проследува до оној што е следен. Акцијата продолжува додека јајцето не се стопи целосно. Направено од вода, распуштањето на јајцето е очигледно, предвидливо, а обидот за одржувањето е неудобен. Во повеќето култури, од постоењето на човекот, позајмувањето јајца од други видови го симболизира раѓањето. Делото ги истражува врската помеѓу раѓањето и проточноста на времето, како и потрагата за разбирање на луѓето и животните, што укажува на нивниот - во однос на моќта - толку неврамнотежен однос. Понатаму, тој алудира на некогаш двосмислената релација помеѓу религијата и науката, нивните заеднички особини, како и нивните непремостливи разлики. Едната ја прифаќа трансценденталноста врз основа на другата со цел нејзино разбирање, со помош на истражување. Во делото се чувствува одреден паралелизам помеѓу балсамирањето и замрзнувањето на примероците за научни цели и за зачувувањето на религиозните реликвии.

**Маурин Бахаус** во видеопроектот **„Животни лекции"** ги разгледува прашањата за тоа како изгледа едно утописко општество. Дали е тоа невозможна реалност? Мечтаење? Остварлива реалност? Или прашање на личната перцепција? Оттука, нејзиниот видеопроект е дел од видеосеријал **„Едно прашање"** и се состои од кратки интервјуа во кои луѓето од различни потекла и култури одговараат на исто прашање за тоа која е нивната најважна лекција во животот? На овој начин, Бахаус поставува една доста утопистичка платформа за тоа дали и колку може да се учи од туѓи или, пак, од свои животни лекции. **„Хоризонт"** е нејзиниот втор проект, колаборативен утописки перформанс од посетителите на галеријата: со манифестација на нов хоризонт. Посетителите на изложбата беа поканети заедно со неа да учествуваат во создавање еден нов, поинаков хоризонт. Финалниот ефект е графичка шара во простор, која останува како трага на едно заедничко утописко тежнеење.

Делото на **Игор Сековски** **„Визионер"**, кое потекнува од 2009 година и е предвесник на реалноста во која денес живееме, е директна критика на познатиот архитектонски проект „Скопје 2014", како најголема инвестиција од македонската Влада и владејачката партија. Утописката точка на ова дело е визијата на владејачката партија да се направи нов и поубав град, со нов идентитет и споменик на неговото владеење. Дистопискиот елемент е уништувањето на идентитетот на градот во кој старите модернистички градби добија нов квазибарокен и неокласичен оклоп. Статуата на севернокорејскиот диктатор Ким ил Сунг и нејзината поза се користи за да биде симбол на визионерски владетел, а мултипликацијата на статуата во различни димензии се однесува на хаотичниот распоред на статуи и објекти во и околу главниот плоштад во Скопје.

**Јетон Муја** во видеопроектот **„Кој е господарот? (нашата детска игра „Сакате ли војна")"** го третира утопискиот елемент на „братството и единството". Во времето на Титовиот социјализам се било поврзано со името на лидерот на Југословенската федерација. Кога ќе се речело „кој е господарот?" се мислело на Тито, а преку него сите биле поврзани едни со други во „братство и единство" ... Во видеото на Муја играта ја играат деца, како желба за надмоќ, бидејќи во реалноста овој „господар" го претставувал системот од времето кога власта доминирала над сè. Затоа е дејството утописко, бидејќи теоретски сè функционирало во „братство и единство", а во практиката и во реалноста постоел систем на доминација. Но ... играта ја надминува приказната, „Кој е господарот?" (Сакате ли војна) всушност е симболична аналогија и во овој случај се однесува на секое време и на секое општество кое е во потрага по нова утопија.

**Ѓорѓе Јовановиќ** обработува институционална критика со своето дело **„Нема Утопија Внатре"**, просторно-специфична инсталација, поставена на фасадата на Мала станица. Овој проект е обид за критика кон културната политика на институциите во Македонија, но и кон општата агенда во областа на уметноста и на културата. Во текот на последните години сведоци сме на национална поддршка и продукција на непродуктивни и контроверзни објекти и споменици, со што се обесхрабрува производството на современата уметност, а со тоа се создава апатија и пасивизација кај интелектуалните поединци во нашето општество.

Видео и просторната инсталација **„Наемни работници"** на грузиската уметница **Нино Ломаѕе** го кондензира концептот на наемни работници со чинот на повторување во секојдневниот живот. Тоа е исто како права линија од една до друга точка. Тоа е како стандарден акт на нашата функција на залажување на свеста, која станува рамка на распоред потчинет на надворешеното владејачко производство. Овој распоред е синхронизиран со „функционалниот" чин на кучето што се појавува во кадарот. Систематската подреденост на просторната инсталација од училишни столчиња, пак, е реверсна визија на гледачите што ќе ги синхронизира зависностите на распоредот од владејачкото производство.

Последното дело од оваа изложба е делото на **Фелипе Кастелбланко „Народен остров**“, видео и просторна инсталација од знамиња и слики, кое на некој начин е најутопистичкото дело во потрагата кон „подобро место“. „Народниот остров“ е партиципативен проект со пловечка платформа и остров генериран од луѓето (во чамци и на земја), кои се собрани околу одредена точка во морето. Оваа човечка маса го прави обемот или материјалот на островот, кој се појавува привремено и се движи низ Филипинскиот архипелаг. Народниот остров се однесува на идејата дека „реалноста не е ништо друго, туку токму она што го правиме заедно.“ На некој начин, овој проект се однесува на групирањето и на формирањето нов простор, со што се вклучува во критичка дискусија за употребата на копното и на морето и на огромниот јавен простор во регионот. Овој остров-платформа исто така е отворена лабораторија за различни одлуки во градот да се создаде јавно ангажирање и да се донесе визија за иднината, ако е можно ... Од април 2015 година, островот се движи низ различни региони на архипелагот и станал место на собирање, конверзација, настапи, јавно ангажирање, но понекогаш и на несогласување ...

Утопијата како начин на размислување нè инспирира да се одмориме од реалноста и да размислуваме подалеку од она што е веќе постојно. „Утопистичките“ уметнички дела не бараат од нас да ги преземеме нивните идеи во буквална смисла. Нивната цел е да ги извлечат моментот на рефлексија и внатрешното испрашување за тоа „до каде може да функционира уметноста“, „како се споредува со светот во кој живееме“ ... итн. Мултикултурната група учесници на оваа изложба, кои со своите дела одговараат на прашањата за утопијата и за уметноста од различни аспекти, нудат поширока слика за тоа како живеат луѓето во различни општества, мислат, дејствуваат и обмислуваат. Додека изложбата е поставена во мултимедијалниот простор „Мала станица“, тој ќе биде место за уметноста, образованието, животот и утопијата, која некако го критикува своето општество, но и го преиначува во уметничко дело, во утопија.



БАУМ – МЕЃУНАРОДЕН УМЕТНИЧКИ КОЛЕКТИВ
МАУРИН БАХАУС / ЈЕТОН МУЈА / НИНО ЛОМАДЅЕ / ШОНЕТ ПО / АЛЕСАНДРО ФОНТЕ / ФЕЛИПЕ КАСТЕЛБЛАНКО; ГОСТИ: ЃОРЃЕ ЈОВАНОВИЌ / ИГОР СЕКОВСКИ

BAUM – INTERNATIONAL ART COLLECTIVE
MAUREEN BACHAUS / JETON MUJA / NINO LOMADZE / SHAWNETTE POE / ALESSANDRO FONTE / FELIPE CASTELBLANCO; GUESTS: GJORGJE JOVANOVIK / IGOR SEKOVSKI

## ON UTOPIA AND ART

Ana Frangovska

In today's modern, neo-liberal and quasi-democratic world, filled with a range of lies and manipulations of any provenance, it appears as if we forgot to idealize, to hope for better society, a better system, a more beautiful city, a more normal life, for real values, for a better tomorrow. You hope, but you do not fantasize, you do not go too far, you know where everything can go in reality, you know the limits, and you stop there, it is where the dream ends. The philosophy of utopia and utopian society started with Plato's "Republic," and the term utopia was first used by Thomas More in his book "Utopia" in the early XVI century, as a combination of the Greek words Eutopia (good place) and Outopia (nonexistent place). His goal with this book was to satirize the classical conception of the ideal and fictional society.

In art, however, utopia has always been quite popular as a theme, and lately is in the midst of the interests of artists again as a controversial topic that ranges between presenting the ideal society or a criticism of the recent nightmares in which we exist. Whether it comes to a momentum, a critical examination of the concept, or prudent and bold articulation in a particular vision - utopia continues to be important. Art somehow objectifies the social world and creates a utopian space in which that same world becomes what it is not. Thus art becomes part of the social life seen in an idealized form, allowing a critical look, but remaining powerless to transform the rules of the world in which it functions.

With these and similar issues in the context of touching and possibly overcoming the stereotypes about ideal societies within unseen and unexplored regions and visions of the undiscovered, creating an imaginary model that distills the daily sleep, resolving complex puzzles, finding lost paradises, etc., is the theme of the exhibition "**Utopia = good place or non-place.**" It is a collaborative project of the international art group **BAUM**, including authors from 6 different countries, such as Felipe Castelblanco - USA/Great Britain, Shawnette Poe – Germany/Poland, Maurin Bahaus – The Netherlands, Alessandro Fonte – Italy, Jeton Muja – Kosovo, Nino Lomadze – Georgia (primarily dealing with social and humanitarian issues in art) and the Macedonian authors Igor Sekovski and Djordje Jovanovic. This exhibition touches upon both ends in the revision of the utopian approach, from creating visions of an idealized nonexistent society, where all people together and collectively model an example of unity and oneness (Felipe Castelblanco), to criticism of the current system which in a utopian way erodes the foundation on which current values are based (Igor Sekovski, Djordje Jovanovic).

**Alessandro Fonte** and **Shawnette Poe** are represented with two projects. "**The Playing Table**" is a spatial installation with a table - seesaw. In order to operate the system requires two persons. The "successful" use is related to losing. A state of equilibrium between the two sides is possible only if the two give up comfort / use of the table, in an appropriate manner. Fonte and Poe deal with the utopia of incessant struggle for balance that has existed since the very beginning of human history. According to Marx and Engels, this struggle leads to revolutionary transformation and downfall of both sides involved. For one to succeed it is required that the second succumbs too, with which the equilibrium seems impossible. Their second work is "**Carousel of Accessibility**", i.e. a video installation resembling a secular ritual. Eight stuffed raptors from the area Madonna are exposed on the altar - like a pedestal within the museum space. Around the altar, forming the vertices of the almost imperceptible octagon, stand 8 individuals, also from the region of Madonna, gazing steadily into the glass eyes of birds. One of them is holding an egg of ice in the hands, as long as the cold is bearable, and then forwards it to the one who is next. The action continues until the egg is melted completely. Made from water, the dissolving of the egg is obvious, predictable, and any attempt to preserve it is inconvenient. In most cultures, since the human existence, borrowing eggs from other species symbolizes birth. The work explores the relationship between the birth and the passing of time, as well as the search for understanding of people and animals, indicating their - in terms of power - very unbalanced relationship. Furthermore, it alludes to the sometimes ambiguous relationship between religion and science, their common features and their irreconcilable differences. One accepts transcendence based on the other in order to understand it, with the help of research. A certain parallelism between embalming and freezing of samples for scientific purposes and for preservation of religious relics is felt in the work.

**Maurin Bahaus** in the video project "**Life Lessons**" is considering the questions of how a utopian society looks like? Is it an impossible reality? Daydreaming? Attainable reality? Or a matter of personal perception? Hence her video project is part of the video series "One Question," and consists of short interviews in which people from different backgrounds and cultures respond to the same question about what is their most important lesson in life? In this way, Bahaus sets a rather utopian platform on whether and how much you can learn from other people or from their own life lessons. "**Horizon**" is her second project, collaborative utopian performance by the visitors of the gallery: with a manifestation of a new horizon. The visitors of the exhibition were invited, together with her, to participate in creating a new, different horizon. The final effect is a graphical pattern in space, which remains as a trace of a common utopian aspiration.

**Igor Sekovski's** work, "**Visionary**", originating from 2009 and is a precursor of the reality in which we live today, is a direct criticism of the famous architectural project "Skopje 2014," the biggest investment by the Macedonian Government and the ruling party. The utopian point of this work is the vision of the ruling party to make a new and more beautiful city, with a new identity and a monument of its ruling. The dystopian element is the destruction of the identity of the city where the old modernist buildings got a new quasi-baroque and neoclassical exterior. The Statue of the North Korean dictator Kim Il Sung and his posture is used as a symbol of a visionary ruler, and the multiplication of the statue in different sizes relates to the chaotic arrangement of statues and objects in and around the main square in Skopje.

**Jeton Muja** in the video project "**Who is the Master? (Our Childhood Game "Do You Want War?"**") deals with the utopian element of "brotherhood and unity." During Tito's Socialism everything was connected to the name of the Leader of the Yugoslavian Federation. When someone would say "Who is the Master?" Tito would come to mind, and through Him everyone was connected in "brotherhood and unity" … In Muja's video, the game is played by children, as a desire for supremacy, because in reality this "master" represented the system of the time when the government dominated everything. Therefore the only action is utopian, because theoretically everything functioned in "Brotherhood and Unity" and in practice and reality existed system of domination. Therefore the only action is utopian, because theoretically everything functioned in "brotherhood and unity," and in practice and reality a system of domination existed. But ... the game surpasses the story, "Who is the Master?" (Do You Want War) is actually a symbolic analogy, and in this case refers to any time and any society searching for a new utopia.

**Djordje Jovanovic** deals with an institutional critique through his work "**No Utopia Inside,**" a space-specific installation, placed on the facade of Mala Stanica. This project an attempt for critique of the cultural policy of the institutions in Macedonia, and of the general agenda in the field of art and culture. During the last years we have witnessed national support and production of non-productive and controversial buildings and monuments which demotivate the production of contemporary art, thus creating apathy and passive attitude of the intellectual individuals in our society.
The video and spatial installation "**Wage Earners**" of the Georgian artist **Nino Lomadze** is condensing the concept of wage workers with the act of repetition in the daily life. It is like a straight line from one point to another. Like a standard act of our function of deception of the consciousness which becomes a frame of a layout subordinated to the outside governing production. This layout is synchronized with the "functional" act of the dog that appears in the frame. The systematic subordination of the spatial installation of school chairs, is a reverse vision of the viewers that will synchronize the dependencies on the schedule from the governing production.

The last work of this exhibition is **Felipe Castelblanco's** work, "**National Island**", video and spatial installation with flags and images, which in a way is the most utopian work in the search for "a better place". "National Island" is a participative project with a floating platform and an island generated by the people (in boats and on land) that are gathered around a certain point in the sea. This human mass makes the volume or the material of the island, appearing temporarily and moving across the Philippine archipelago. National Island refers to the idea that "reality is nothing but exactly what we do together." In a way, this project refers to grouping and formation of new space, with which it involves in the critical discussion on the use of land and sea, and the huge public space in the region. This island / platform is also an open lab for different decisions in the city to create public engagement and to bring a vision for the future, if possible ... Since April 2015, the island is moving through different regions of the archipelago and became a place of gathering, conversation, performances, public engagement, and sometimes disagreement ...

Utopia as a way of thinking does not inspire us to take a break from reality and think beyond what is already existing. The "utopian" artworks do not require from us to take their ideas literally. Their goal is to make the moment of reflection and inner questioning on "how far can art work?," "how does it compare with the world we live in" ... etc. The multicultural group of participants of this exhibition, who with their works answer questions about utopia and art from various perspectives, offer a broader picture of how people in different societies live, think, act, and reflect. While the exhibition is set in the multimedia space Mala Stanica, it will be a place for art, education, life and utopia somehow criticizing the society, but also transforming it into art, into utopia.



ШАНЕТ ПО / АЛЕСАНДРО ФОНТЕ
SHAWNETTE POE / FONTE ALESSANDRO







**Рингишпил на пристапност,** HD видео, 10:00 мин, 2015, сајт специфичен перформанс развиен за време на престој во Castelbuono (Сицилија)
**The Carousel of Approachment,** video HD, 10:00 min, 2015, site-specific video performance developed during an art residency in Castelbuono (Sicily)







**Маса за играње,** 2015, инсталација
**Play Table,** 2015, an installation

МАУРИН БАХАУС
MAUREEN BACHAUS









**Животни лекции,** 2015, видео проекции
**Life Lessons,** 2015, video projections



**Хоризонт,** 2015, Колаборативен утописки перформанс од страна на посетителите на галеријата: манифестација на нов хоризонт
**Horizon,** 2015, Collaborative utopian performance by visitors of the gallery: the manifestation of a new horizon





At the time of Tito's socialism, everything was related to the name of the leader of the Yugoslav Federation. When we said "Who's the landlord?", we meant that we were giving our devotion and dedication to Tito, and through him we were all related to each other in 'Brotherhood and Unity'... But the game was played by the children like a desire, because the truth was that this 'landlord' represented the system during a time when power dominated everything, therefore the play itself was utopian, because theoretically there seemed to be 'Brotherhood and Unity' despite different ethnicities, while practically and realistically we were confronted with deep ethnic divisions and a system of domination.

But... the game transcends the preceding story. 'Who is the landlord ' is, in fact, symbolic and is in this way related to each time and to each society that is seeking for a new utopia.

**Кој е господарот? (Сакате ли војна),** 2011, видео
**Who is the Landlord?,** 2011, video



НИНО ЛОМАДЗЕ
NINO LOMADZE






**Наемни работници,** видео и инсталација со училишни столчиња
**Daily Workers,** video and installation with school chairs



## ФЕЛИПЕ КАСТЕЛБЛАНКО
## FELIPE CASTELBLANCO

**Народен остров,** HD видео и фотографии
**The People's Island',** HD video and images









**Визионер,** 2009, дигитален печат, 226 x 400 см.
**A Visionery,** 2009, digital print, 226 x 400 cm.

ЃОРЃЕ ЈОВАНОВИЌ
GJORGJE JOVANOVIK




**Нема Утопија Внатре,** 2015, инсталација
**No Utopia Inside'** 2015, installation

## АЛЕСАНДРО ФОНТЕ И ШАНЕТ ПО / ALESSANDRO FONTE AND SHAWNETTE POE

Алесандро Фонте (Полистена, 1984) студирал на Уникал на Аркавакaта и на Естав во Барселона. Шанет По (Варшава, 1980) студирала на Универзитетот за уметности Бремен. Тие живеат и работат меѓу Италија и Германија. Нивната работа како дуо се развива заедно со своите индивидуални истражувања од 2009. Тие користат различни медиуми од инсталација, перформанси и видеа. Нивните дела се одбрани за изложби и проекции во Европа, Африка и Америка, од страна на институциите, како што се Фондацијата MAXXI - деле Арти Музео дел XXI секоло - Рим, BIO50 - 24-то Биенале на Дизајн Љубљана, Dak'art OFF - 11ème Биенале на уметност Africain Contemporain, италијански Pavillion на 54-то Биенале во Венеција, Браманте Манастир - Рим, Национална галерија Косенца.
Избрани лични изложби / настани: ЛА GIOSTRA DELL'AVVICINAMENTO, RITUALE ПО 8 persone E 8 RAPACI IMBALSAMATI, Museo Civico di Castelbuono (АП), 2015; СПЛИТ / МЕ / резонанца, курирана од Ада Биафоре (во соработка со Фабио Рао и изведувачот Елизабет Кајзер), Џостро дел Браманте, Рим, 2012 година; Пане квотидиано (леб), на различни локации, Косенца, 2011 година; Јас нема да ги бркам галеристите како вас (NR.1 Берлин), Temporares Mandelstudio, Берлин, 2009.

Alessandro Fonte (Polistena, 1984) studied at the Unical of Arcavacata and at the Estav of Barcelona. Shawnette Poe (Warsaw, 1980) studied at the University of Arts Bremen. They live and work between Italy and Germany. Their work as a duo develops alongside their individual research since 2009. They use diverse media from installation to performance and video. Their works have been selected for exhibitions and screenings in Europe, Africa and America, by institutions such as Fondazione MAXXI - Museo delle arti del XXI secolo - Roma, BIO50 - 24th Biennial of Design Ljubljana, Dak'art OFF - 11ème Biennale de l'Art Africain Contemporain, Italian Pavillion at the 54th Biennial of Venice, Bramante Cloister - Rome, National Gallery Cosenza.
Selected personal exhibitions / events: LA GIOSTRA DELL'AVVICINAMENTO, RITUALE PER 8 PERSONE E 8 RAPACI IMBALSAMATI, Museo Civico di Castelbuono (PA), 2015; SPLIT/ME/RESONANCE, curated by Ada Biafore(in collaboration with Fabio Rao and the performer Elisabeth Kaiser), Chiostro del Bramante, Roma, 2012; PANE QUOTIDIANO (DAILY BREAD), Various locations, Cosenza, 2011; I WON'T CHASE GALLERISTS LIKE YOU DO (NR.1 BERLIN), Temporares Mandelstudio, Berlin, 2009.

## МАУРИН БАХАУС / MAUREEN BACHAUS

Образование: Академијата за ликовни уметности, Мастрихт, Холандија. Концептуална Пост-дипломска академија, Амстердам, Холандија. Маурин Бахаус е претставена од страна на Галеријата Вансинк (Холандија), од страна на галеријата S & H Де Бак (Белгија) и од Егзит 11 современа уметност (Белгија). Маурин Бахаус обработува социјални теми преку личната перспектива; сите нејзината работа се базирани на истражување на лични мисли на луѓе од различни култури, со различно потекло. Суштествени теми во текот на работата на Бахаус се човечка психа, слободата на изразување, човечки идентитет. Таа собира «мисли» преку социјалните медиуми и ги трансформира во фотопринтови или збирови (на Серијата „Идентификација“), интерактивни и меѓународни видео проекти (на серијата „Едно-прашање“), инсталации („Пејзаж на потрошени мисли“), и скулптури (скулптура во јавен простор «Облак на мисли»). Соло изложби> избор Exit11 современа уметност, Белгија, самостојна изложба со нови дела и видео-арт 2014 година; Уметничката галерија О-68 Велп Холандија, „Мистерии за рударство“, презентација на постари дела, 2014 година; Lieux Communs, платформа за современа уметност, Намур, Белгија, соло-изложба „Кажи ми кој сум јас», 2013 година; Galerie S & H Де Бак (Гент), самостојна изложба «Тајни Својства» со нови дела и видео-арт, 2013; Varg e Vi, Центар за современа уметност, Гњилане Косово, самостојна изложба, 2013 година; Уметност на Магацински Ротердам, соло презентација преку Едуард Садење Галерија, 2013; Уметничка кула Челзи, 21 кат, Њујорк - изведба „Кажи ми», 2012 година; Galerie Wansink, самостојна изложба «Идентификација» (со каталог, 2011 Вишал Харлем, соло презентација Еве ме во Kleine Zaal, 2011; Холандска фабрија за чоколадо, самостојна изложба „Сите овие луѓе», 2010; Галерија Wansink, самостојна изложба «Трансформации «(со каталог), 2009; Галери Wansink, самостојна изложба Маурин Бахаус, 2007 година.

Education: Academy of Fine Arts, Maastricht Netherlands. Conceptual Post-graduate academy, Amsterdam Netherlands. Maureen Bachaus is represented by Galerie Wansink (Netherlands), by Gallery S&H De Buck (Belgium ) and by EXIT 11 Contemporary art (Belgium). Maureen Bachaus enlightens social themes through personal perspective; all her work is based on research of the personal thoughts of people from different cultures with different backgrounds. Essential themes throughout Bachaus' work are the human psyche, the freedom of expression, the human identity. She collects 'thoughts' through social media and translates them into photoprints or assemblages (the 'Identification Series'), interactive and international videoprojects (the 'One-question-series'), installations (the 'Landscape of wasted thoughts'), and sculptures (public space sculpture 'Cloud of Thoughts'). Solo-exhibitions > a selection Exit11 Contemporary Art, Belgium, solo exhibition with new work & video-art, 6 april - 1 june 2014; Art Gallery O-68 Velp Netherlands, 'Mystery Mining', presentation with older work, March 2014; Lieux Communs, platform for contemporary art, Namur, België, solo-exhibition 'Tell me who I am', june-aug 2013; Galerie S&H De Buck (Gent), solo exhibition 'Secret Properties' with new work and video-art, june 2013; Varg e Vi, Center for contemporary art, Gjilan Kosovo, solo exhibition, march/april 2013; Art at the Warehouse Rotterdam, solo presentation via Eduard Planting Gallery, februari 2013; Chelsea Art Tower, 21th floor Gallery, New York - performance 'Tell me', 2012; Galerie Wansink, solo exhibition 'Identification' (with catalog, 2011 Vishal Haarlem, solo presentation 'Here I am' in Kleine Zaal, 2011; De Nederlandsche Cacao Fabriek, solo exhibition 'All those people', 2010; Galerie Wansink, solo exhibition 'Transformations' (with catalog), 2009; Galerie Wansink, solo exhibition 'Maureen Bachaus, assemblages (with catalog), 2007.

## ЈЕТОН МУЈА / JETON MUJA

Роден во 1983/03/04 во Гњилане – Косово. 2004 година, дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Приштина, Косово, диплома за графичка уметност. Во 2007 година тој се стекнал со магистерска диплома за ликовни уметности, на одделот за графичка уметност. Во својата уметничка пракса Јетон Муја отсекогаш бил посветен на истражување на различни медиуми, теми и начини на изразување. Од 2004 година, негов лајтмотив е синтагмата «истрагата продолжува», слоган кој се користел во неговата родна земја за луѓето кои исчезнале за време на војната. Тоа е артикулирање на концептот на истрага преку цртежи, видеа, инсталации и перформанси.
Самостојни изложби: 2013- КЦ ГРАД, Белград -Србија; 2010- Национална галерија -Приштина- Косово; 2008- Експо-перформанси, CNDA- Париз, Франција; 2006 - Национален Музеј Тирана -Албанија (колективна изложба); 2015 -Меѓународна современа ликовна изложба «Мултимедијален центар» во Скопје, Македонија; 2015 година - Меѓународна изложба на графики - «Werkstatt Галерија» - Цирих, Швајцарија; 2015- алтернативен простор за современа уметност ‹›Collectif Denface ‹›, Руан, Франција; 2014- „Пост-транзициска релевантност: мешавина на неколку вечерни забави“ - мултимедијален центар (Национална галерија - Скопје, Македонија); 2014-Меѓународна изложба -Национална Галерија Скопје, Македонија; 2012- Центар за современа уметност» Varg e Vi «- Гњилане Косово; 2012- изложба на современа уметност - Мултимедијален центар Мала станица - Скопје, Македонија; 2011- изложба на современа уметност- Национална галерија на Косово; 2011- изложба на современа уметност- «Varg e Vi» - Гњилане- Косово; 2010-изложба на современа уметност- « Муслим Мулиќи“; 2010-изложба на современа уметност - Награда на Националната Галерија; 2010-Меѓународно Биенале на Националната галерија на Косово; 2009- Интернационална изложба»Награда Муслим Мулиќи», Национална галерија на Косово; 2009- перформанси во центарот на градот - Гњилане-Косово; 2009-Сал Бувиле- Лес елбауф - Франција; 2009- IUMF-Галерија» Ла Пасарел «-Руен-Франција; 2008-Skopie- Националната галерија на Македонија; 2008- Salloon 42 - «- Гранд Лувил-Франција; 2007- галерија «Муза де ла арт“, Руен - Франција; 2007- «Истрагата продолжува» - Национален Музеј Тирана-Албанија; 2007- Центар за култура- Арсенал «- Мубаег од Франција; 2007- Абаје де Сент Дени -Обург –Белгија; 2004 XVIII`s Биеналето на цртежи -Национална Галерија - Приштина -Косово; 2004 Имаме само 12 часа- Трговски Центар, перформанси Приштина – Косово.

Born in 03.04.1983 in Gjilan- Kosovo. In 2004, he graduated from the Faculty of Art in Pristine, Kosovo, diploma of Graphic art. In 2007 he earned his Master degree of Fine Arts, Graphic art. Jeton Muja's art practice has always been dedicated to investigation and research of different media, themes and ways of expression. Since 2004, his essential leitmotiv has been the syntagma "Investigation continues", the slogan used in his home country for the people who disappeared during the war. He has been articulating the concept of investigation through drawings, videos, installations and performances.
Solo exhibitions: 2013- KC GRAD , Belgrade –Serbia; 2010- National Gallery –Pristine- Kosovo; 2008- Expo-Performance- CNDA- Paris –France; 2006 - National Museum- Tirana -Albania Collective exhibitions; 2015 -International of contemporary art exhibition "Multimedia Center" –Skopje, Macedonia; 2015 – International of graphic art exhibition – "Werkstatt Gallery"- Zurich, Switzerland; 2015- Alternative space for Contemporary Art ‹›Collectif Denface»›, Rouen-France; 2014-"Post-Transitional relevance: a mix of several dinner parties - Multimedia center (National Gallery – Skopje, Macedonia; 2014-International Exhibition –National Gallery -Skopje, Macedonia; 2012- Center of Contemporary Art " Varg e Vi"- Gjilan Kosovo; 2012- Exhibition of contemporary art - "multimedia centar mala stanica"- Skopie-Macedonia; 2011- Exhibition of Contemporary Art- National Gallery- Kosovo; 2011- Exhibition of Contemporary Art- "Varg e VI Group "– Gjilan- Kosovo; 2010-Exhibition of Contemporary Art- "Muslim Mulliqi '-Prize –National Gallery; 2010-Exhibition of Contemporary Art – Prize-National Gellary-Kosovo; 2010-Interantional Biennale of Drawing- National Gallery- Kosovo; 2009- International exhibition " Muslim Mulliqi prize" National Gallery- Kosovo; 2009- Performance- Center of Town – Gjilan- Kosovo 2009-Salle Bouvrille- Les Elbeuf—France; 2009- IUMF-Galeria " La Pasarelle"-Rouen-France 2008- National Gallery- Skopie- Macedonia; 2008- Salloon of 42-"-Grand Queville-France; 2007- Galeria"la muse de l`art"-Rouen – France; 2007-"Investigation Continue"- National Museum- Tirana-Albania; 2007- Centre Culture- Arsenal "-Moubeuge –France; 2007- Abbaye de Saint Denis –Oburg –Belgium; 2004- XVIII`s Bienale of drawings –National Gallery – Prishtina –Kosovo; 2004- We have only 12 hours- Shopping Center Performance- Prishtina – Kosovo.

## НИНО ЛОМАДSЕ / NINO LOMADZE

Роден 1971 година. Дипломирал на Тбилиси Државната академија за ликовни уметности, Факултет за ликовна уметност, филм, а специјалност сликарство, во 1995. Во 1999 година ги завршила Герит Ритвелд Академијата за ликовна уметност - Амстердам -слободна насока и во 2006 година во Тбилиси на Државниот универзитет за театар и филм, Факултет за филмски режисер. Дејности: Писателите на својот јазик (Lost & Found) - Амстердам (2015); Artisterium, Кулинарски рецепти од Мирабу Тбилиси музеј „Карвасла“ (2014); Дадада академија - Арт-зоната (2014); (Најди го она што го сакаш, и нека те убие) - овесни Галерија (2014); А4 проповедаат - ОАТ Галерија (2013); Симпозиумот 2012 - Европска куќа (2012); Нови растројства (меѓународна пошта- уметнички проект) - Тбилиси литература, Музејот -Група Изложба (2011); Аристериум 2011 - слободен пад - ОАТ Галерија (2011); Светоглед Галерија Зеро - Барселона (2011); Морфологијата на внатрешната структура - Тбилиси Државната академија за ликовна уметност (2011); Уметност за ѕидови, Ленокс Галерија Лондон (Англија) (2010) итн

Born1971. Graduated from the Tbilisi State Academy of fine Art.
Faculty – Fine Art, Specialty- Film painting, 1995. In 1999 she finished Gerrit Rietveld Academy of fine Art - Amsterdam -Free direction and in 2006 the Tbilisi State University of Theatre and Film, Faculty for Film Director. Activities: Writers in their own language (lost&found) - Amsterdam (2015); Artisterium, Culinary recipes from Mirabeau ) Tbilisi History museum ``Karvasla``(2014); DaDaDa Academy - Art –area (2014); (Find what you love and let it kill you) - OAT Gallery (2014); A4 Predicate - OAT Gallery (2013); symposium 2012 - Europe house (2012); New Disorder (mail art international project) – Tbilisi Literature museum -Group Exhibition (2011); Artisterium 2011 – Free Fall – Oat gallery (2011); WorldView GaleriaZero - Barcelona (2011); Morphology of interior's structure - Tbilisi State Academy of fine Art (2011); Art for walls Lennox Gallery London (UK) (2010) etc.

## ФЕЛИПЕ КАСТЕЛБЛАНКО / FELIPE CASTELBLANCO

Образование 2010 - 2013, Магистрирал на Карнеги Мелон Универзитетот, Питсбург, Пенсилванија. ; 2012 – Скоеган школа за сликарството и скулптурата, Скоеган, Мајна, САД; 2003 - 2008, Усовршување во визуелните уметности на Понтифициа Универзитетот, Јавериана. Богота, Колумбија.
Самостојни изложби: 2015 - Ние овде, Школски проект парасајт, на Кралската академија, Лондон, Велика Британија; 2015 - Народен Остров, Негрос музеј, Баколод Филипини, 2014 година - Ние боиме куќи - Проект, Галерија Пракса, Филаделфија, Па. САД; 2013 - Странецот (соработка со Џон Рубин), Сан Диего, Музејот на уметност, СА. R & D: Странецот (соработка со Џон Рубин), Галерија ПРОСТОРИ. Кливленд, ОН; 2008 - Проект Сујето / не / сујето, Галерија Валенцуела Кленер, Богота, Колумбија.

Education 2010 - 2013, MFA Carnegie Mellon University. Pittsburgh, PA. ; 2012 - Skowhegan School of Painting and Sculpture Skowhegan, Main. USA; 2003 - 2008, Degree in Visual Arts (BFA) Pontificia Universidad Javeriana. Bogotá, Colombia.
Solo shows: 2015 - We Out Here, The ParaSite School Project. Royal Academy Schools. London, UK. 2015 - The People's Island. Negros Museum, Bacolod Philippines. 2014 - We Paint Houses Project, Practice Gallery. Philadelphia, PA. USA 2013 - The Foreigner (collaboration with Jon Rubin), The San Diego Museum of Art, CA. R&D: The Foreigner (collaboration with Jon Rubin). SPACES Gallery. Cleveland, OH. 2008 - Project Sujeto / No / sujeto. Galeria Valenzuela Klenner. Bogotá, Colombia.

**ИГОР СЕКОВСКИ / IGOR SEKOVSKI**

Роден 1972 година во Скопје. Во 1997 година дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, сликарство, а 2003 година магистрирал на Џошиби универзитетот за уметност и дизајн, Канагава-кен, Јапонија. Автор е на седум самостојни изложби во Скопје, Токио, Њујорк, Цетиње. Учествувал на голем број групни изложби во земјата и странство (Јапонија, Бугарија, Германија, Црна Гора, Италија, Швајцарија, Белгија, Канада, Чешка, Хрватска, Азербејџан и други). Од септември 2007 год. до април 2013 година работел како доцент на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет – Република Македонија. Од 2012 е основач и член на Институтот за уметности и култура „Арс акта“. Живее и работи во Скопје како самостоен уметник и дизајнер.

Born 1972 in Skopje, Republic of Macedonia. Graduated from the Faculty of Fine Arts, Skopje, majoring in Painting (1997). In 2003 he finished the master course at the Joshibi University of Art and Design, Kanagawa, Japan.
He participated in seven one-man shows in Skopje, Tokyo, New York, Cetinje, and more than fifthy group exhibitions in the country and abroad (Japan, Bulgaria, Germania, Montenegro, Italy, Swiss, Belgium, Canada, Czech Republic, Croatia, Azerbaijan and etc.) From 2007 to 2013 worked as Ass. Professor at the European University – Republic of Macedonia – Faculty of Art and Design.
Since 2012 is a founder and member of the Institute for Arts and Culture "Ars Acta". He lives and works in SKopje as a freelance artist and designer.

**ЈОВАНОВИЌ ЃОРЃЕ / JOVANOVIC GJORGE**

Роден во 1980 година во Скопје каде живее и работи. Во 2003 година дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Тој учествувал на бројни групни изложби, работилници и конференции во Македонија, Албанија, Србија, Босна, Словенија, Грција, Турција, Австрија, Италија, Холандија, Франција, Шпанија, Белгија, Естонија, Финска, Египет, САД, итн. За неговата практика, тој е добитник на наградата за млад ликовен уметник „Денес“ во 2009 година, видео награда за алтернативен филм/видео во Белград во 2009 година, специјална награда на АКТО Фестивалот во Битола во 2012 година и на наградата на 10. Биенале на млади во организација на Музејот на современа уметност во Скопје во 2013 година.
Одбрани изложби: 2010 Тоа е комплицирано, Галерија Центар, Грац, Австрија;
2010 Фрагментирани архиви на уметник од земја во транзиција, MC Gallery, Њујорк; 2013 Исповедта на чудовиштето-торта, Ровињ, Хрватска

Born in 1980 in Skopje. Lives and works in Skopje. In 2003, he graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje. He took part in numerous group exhibitions, workshops, and conferences in Macedonia, Albania, Serbia, Bosnia, Slovenia, Greece, Turkey, Austria, Italy, Netherlands, France, Spain, Belgium, Estonia, Finland, Egypt, USA, etc. For his art practice, he was the winner of the award for young visual artist "Denes" in 2009, the video award of the Alternative Film/Video in Belgrade in 2009, the special award of the Akto Festival in Bitola, Macedonia in 2012 and the award of the 10 Biennial of Young Artists organized by the Museum of Contemporary Art in Skopje in 2013.
Selected exhibitions: 2010 It's Complicated, Gallery Centrum, Graz, Austria; 2010 Fragmented Archive of the Artist from the Country in Transition, MC Gallery, New York City; 2013 The Confession of a Cake Monster, Rovinj, Croatia

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

7.011.3(06.064)

ФРАНГОВСКА, Ана
Utopia good place no place /
[текст Ана Франговска ; превод на англиски Наташа Димитровска ;
фотографии Игор Василев, Маурин Бахаус, Игор Сековски] /
[text Ana Frangovska ; english translation Natasa Dimitrovska ;
photography Igor Vasilev, Maureen Bachaus, Igor Sekovski]. -
Скопје : НУ Национална галерија на Македонија =
Skopje : NI National gallery of Macedonia, 2015.
- 32 стр. : илустр. ; 25 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-4693-76-5
I. Frangovska, Ana види Франговска, Ана
а) Ангажирана уметност - Изложби
COBISS.MK-ID 100007946

НУ Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 856
Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Утопија = Добро место или Не(постоечко) место
Мултимедијален центар Мала станица, Скопје
Октомври 2015

NI National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856
Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Utopia = Good Place or No Place
Multimedia center Mala Stanica, Skopje
October 2015

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Д-р Дита Старова Керими, директор
Куратор на изложбата: Ана Франговска
Текст: Ана Франговска
Превод на англиски: Наташа Димитровска
Дизајн: Игор Сековски
Фотографии: од архивата на уметниците,
Игор Василев, Маурин Бахаус и Игор Сековски
Лектура: Кирил Ангелов
Печат: Винсент, Скопје
Тираж: 500

Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the publisher: Dita Starova Qerimi, PhD, director
Curator of the exhibition: Ana Frangovska
Text: Ana Frangovska
English translation: Natasa Dimitrovska
Design: Igor Sekovski
Photography: From the Archive of the Artists,
Igor Vasilev, Maureen Bachaus and Igor Sekovski
Edited by: Kiril Angelov
Printed by: Vincent, Skopje
Copies: 500

Поддржано од Министерството за култура
на Република Македонија

Supported by the Ministry of Culture of
the Republic of Macedonia

Благодарност до ОУ „Војдан Чернодрински"

Special credits to the Primary School "Vojdan Cernodrinski"

НУ Национална галерија на Македонија
NI National Gallery od Macedonia

Мултимедијален центар Мала станица, Скопје
Multimedia center Mala Stanica, Skopje

